Уп. бр. 08-7

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото ТЕРНА-РЕТЕ ЕЛЕТТРИЈА НАЦИОНАЛЕ СОЦИЕТА ПЕР АЗИОНИ со регистрирано седиште на Виале Егидио Галбани бр. 70, 00156, Рим, Италија, доставено преку адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 01.02.2024 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ТЕРНА-РЕТЕ ЕЛЕТТРИЈА НАЦИОНАЛЕ СОЦИЕТА ПЕР АЗИОНИ со регистрирано седиште на Виале Егидио Галбани бр. 70, 00156, Рим, Италија има намера индиректно да стекне заедничка контрола над ВЕ СИИ С.Р.Л со регистрирано седиште на Виа Давиде Гаглиардо 7, 16043 Кјавари, Италија, која ќе се остварува заедно со неговите сегашни акционери, ДХТ Комодитис С.А. со регистрирано седиште на Виа Тревано 2А, 6900, Лугано, Швајцарија и физичкото лице Мауро Миљаци, со адреса на XXX[1], иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 09.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на ТЕРНА-РЕТЕ ЕЛЕТТРИЈА НАЦИОНАЛЕ СОЦИЕТА ПЕР АЗИОНИ со регистрирано седиште на Виале Егидио Галбани бр. 70, 00156, Рим, Италија со која ТЕРНА-РЕТЕ ЕЛЕТТРИЈА НАЦИОНАЛЕ СОЦИЕТА ПЕР АЗИОНИ има намера индиректно да стекне заедничка контрола над ВЕ СИИ С.Р.Л со регистрирано седиште на Виа Давиде Гаглиардо 7, 16043 Кјавари, Италија, која ќе се остварува заедно со неговите сегашни акционери, ДХТ Комодитис С.А. со

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

регистрирано седиште на Виа Тревано 2А, 6900, Лугано, Швајцарија и физичкото лице Мауро Миљаци, со адреса на XXX.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**-ТЕРНА-РЕТЕ ЕЛЕТТРИЈА НАЦИОНАЛЕ СОЦИЕТА ПЕР АЗИОНИ** е друштво инкорпорирано според законите на Италија и е еден од водечките европски оператори на мрежата за пренос на енергија и холдинг компанија на истоимената групација ("Групација Терна"). ТЕРНА-РЕТЕ ЕЛЕТТРИЈА НАЦИОНАЛЕ СОЦИЕТА ПЕР АЗИОНИ е сопственик и оператор во Италија на високонапонски електроенергетски инфраструктури кои ја сочинуваат Националната мрежа за пренос, вклучувајќи далноводи и трансформаторски станици и е најголемиот независен оператор на мрежата за пренос на електрична енергија во Европа. Оттука, основната дејност на ТЕРНА-РЕТЕ ЕЛЕТТРИЈА НАЦИОНАЛЕ СОЦИЕТА ПЕР АЗИОНИ се состои во пренос и испорачување на електрична енергија на национално ниво. Преку своите претпријатија-ќерки, ТЕРНА-РЕТЕ ЕЛЕТТРИЈА НАЦИОНАЛЕ СОЦИЕТА ПЕР АЗИОНИ врши и бројни други дејности во енергетскиот сектор.

Групацијата Терна нема претпријатија-ќерки, филијали или претставништва основани во Северна Македонија и не остварила промет во Северна Македонија во 2022 година.

**-ДХТ Комодитис С.А.** е друштво за тргување со стоки, основано според законите на Швајцарија и индиректно контролирано од Дуферко Партисипејшнс Холдинг С.А., („Дуферко) кое работи главно во секторот за гас и електрична енергија и неговата основна дејност е фокусирана на трговија со природен гас, Течен природен гас (ЛНГ) и обновливи извори на енергија. Дополнително, бизнисот на ДХТ Комодитис С.А. се проширува и на други стоки како нафта и железо. Дуферко е друштво основано според законите на Луксембург, холдинг компанија на Групацијата Дуферко, меѓународна групација основана да работи главно во сектор за челик и која со текот на годините има развиено разновидни бизниси во сектори како што е енергија, логистика, транспорт и животна средина. XXX

Дуферко има едно претпријатие-ќерка основано во Северна Македонија- Друштво за трговија и услуги ДУФЕРЦО МК ДОО Скопје, со седиште на бул. Свети Климент Охридски бр. 52-1/2, 1000 Скопје, Северна Македонија. Неговата дејност се состои од купување и продавање електрична енергија.

**-Г-дин Мауро Миљаци** е физичко лице и еден од основачките партнери на ВЕ СИИ С.Р.Л..

Г-дин Миљаци не поседува, ниту контролира правно лице освен ВЕ СИИ С.Р.Л.

**-ВЕ СИИ С.Р.Л** е основано во 2016 година, специјализирано за нудење на најсовремени мултиспектрални услуги за инспекција за широк спектар на клиенти, извршени со помош на технологии за далечинска детекција, со користење, особено, на беспилотни летала (дронови) и вештачка интелигенција. ВЕ СИИ С.Р.Л работи главно за клиенти активни во секторот за обновливи извори на енергија, особено за оператори во секторот за фотоволтаици. На барање на одредени клиенти, Целното друштво се подготвува да ја прошири својата понуда на горенаведените мултиспектрални услуги за инспекција и на друштва кои работат во други

сектори како што се, меѓу другото, земјоделството и одржувањето на зградите, со вршење на услуги за фотограметрија и 3Д моделирање.

ВЕ СИИ С.Р.Л. нема претпријатија-ќерки, филијали или претставништва основани во Северна Македонија, и не генерираше промет во Северна Македонија во 2022 година

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**